# ЗАПИСНИК

**Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за спроведување на проект Изградба и реконструкција на колекторски и канилизациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води за агломерација Тетово“ во општина Тетово, за потребите на инвеститорот Министерството за животна средина и просторно планирање, одржан на ден 08.02.2023 година (среда) во салата на советот на Општина Тетово.**

На ден 08,02,2023 година во Општина Тетово се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот - Изградба и реконструкција на колекторски и канилизациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води за агломерација Тетово“ во општина Тетово, за потребите на инвеститорот Министерството за животна средина и просторно планирање, која започна во 11:30 часот.

Присутни:
- **Претставници од МЖСПП**
- Исмет Садику - Советник за постапка за ОВЖС (МЖСПП)
- Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина при (МЖСПП)
- Влатко Цветаноски – Советник за постапка за ОВЖС (МЖСПП)
- Назлие Јахија - Советник за постапка за ОВЖС (МЖСПП)
- Марјан Михајлов, претставник од МАНЕКО СОЛУШНС од Скопје
- Лидија Аритонова Симоновска - Сектор за спроведување на ИПА (МЖСПП)
- **Претставници од општина Тетово**
- **Преставници од ЈКП Тетово**
- **Преставници од Управата за имотни правни работи Тетово**
- **Преставници од Невладини Организации Тетово**
- **Граѓани од општина Тетово**

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

**Отворање**

Јавната расправа ја отвори Влатко Цветаноски – Советник за постапка ОВЖС во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина, инвеститорот и општина Тетово), и запознавање со постапката за ОВЖС од страна на МЖСПП му даде збор на консултантот Марјан Михајлов, претставник од МАНЕКО СОЛУШНС од Скопје да направи презентација на Студијата за ОВЖС за проектот.

**Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина**

Презентацијата започна со презентирање на процедурата на ОВЖС во согласност со Законот за животна средина и добиеното Решение за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина. Потоа следеше презентација на разгледуваните алтернативи. Презентацијата продолжи со технички опис на проектот, опис на разгледуваните

влијанија во пред-градежна, градежна и оперативна фаза, како и мерките предложени во студијата за намалување на идентификуваните влијанија.

Објаснета беше и целта на проектот које е подобрување на системот за собирање и третман на отпадните води во агломерација Тетово. Изградба и реконструкција на колекторски и канилизациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води за агломерација Тетово“ во општина Тетово кои се однесува за град Тетово и населените места Порој Џепчиште, Голема Речица, Мала Речица, и Фалиш.

Пречистителната станица предвидено е да биде изградена во две фази. првата фаза (А) се планира да ги задоволи проценетите потреби за третман на отпадните води во агломерациза Тетово 6 населби за 95.152 сквивалент жители Согласно плановите и усвоената програма, пречистителната станица во втората фаза (Б) ке биде надградена со цел проширување на неззиниот капацитет за да задоволи потреби за третман на агломерациа Тетово составена од 20 населби со вкупен еквивалент жители од 157.160.

Имплементацијата на проектот ќе резултира со подобрување на квалитетот на површинските води, флората и фауната, екосистемот во реципиентот. Во Студијата за ОВЖС се опфатени визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија и социо-економски аспекти.

## Дискусија

Влатко Цветаноски отвори дискусија по Студијата за ОВЖС, при што збор му даде на Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина при (МЖСПП) кој се заблагодари на присутните и даваше една кратка презентација на за студијата каде Целта на студијата е да се процени влијанието врз животната средина за време на имплементацијата на проектот во сите негови фази на реализација и да се предвидат мерките кои треба да се преземат за да се спречат и контролираат можните влијанија врз средина за имплементација на проектот. При изработката на Студијата беа земени предвид сите важни еколошки прашања поврзани со проектот, медиумите - воздух, вода и земја, како и областите на животната средина - природа, отпад, бучава, ветрови и слично.

Повеќето урбани средини во нашата земја немаат општинска инфраструктура за третман на отпадните води.

Нашата земја во моментов е во фаза на финализирање за почеток на изградбата на фекална канализација во Скопје, па постапката ќе се финализира во Битола и потоа ќе следи распишување на постапката во Тетово Отпадните води се испуштаат директно во водните патишта без никаков третман, со што се загадуваат површинските води.

Квалитетот на водата воопшто не е задоволителен, што е последица на нејзиното континуирано загадување од домашните и индустриските отпадни води.

Процесот на оцена на влијанието врз животната средина за колекторот на станицата за третман на отпадни води во Тетово е едензадолжителна постапка во процесот на добивање градежна дозвола, чија улога е да го процени влијанието врз животната средина од спроведувањето на проектот и да ги предвиди соодветните мерки за спречување и контрола на влијанијата со цел да се постигне високо ниво на животна средина. заштита .

Овој проект за изградба и третман на отпадни води за Тетово е резултат на поширок проект развиен во рамките на проектот EuropeAid / кој вклучува 3 општини Струмица, Битола и Тетово, што претставува дел од севкупниот национален приоритет за реконструкција и модернизација. на инфраструктурата на Северна Македонија,

Проектот има просторна протега во рамничарскиот дел на градот и неговата околина кои се однесува на градот Тетово и населбите Пороj Џепчиште, Голема Речица, Мала Речица, и Фалиш.

За збор се пријави **Али Рушити** од Тетово кој праша за начинот на плаќање не надоместокот за земјиштето, каде одговор добиваше од страна на Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина кој им кажа дека постапта за експропријација ја води општина Тетово и постапкате ќе иде преку управата за имотни правни работи.

**Лулзим Беџети** прашува за колку време ке се реализира проектот и одговор доби од Лидија Аритонова Симоновска - Сектор за спроведување на ИПА дека во рок од 6 до 10 месеци ке почне реализацијата на проектот а градежните работи ке се одвиват 24 месеци.

**Амир Мемети** од Џепчиште праша дали се одвоени фондовите на печестителните станици за отпадни води Тетво и Битола, а одговор доби од Лидија Аритонова Симоновска - Сектор за спроведување на ИПА која кажа дека печестителните станици за отпадни води Тетво и Битола се одвоени и секоја пречистителна станица има планирано свои буџет.

**Неби Салиу** од Тетово дали е предвидеоно да има мерења на отпадните води пред и после испустот каде доби одговор од Лидија Аритонова Симоновска - Сектор за спроведување на ИПА и му каза дека ќе има мерења.

Томислав Јанушевски Испектор за ЖС праша што правиме со 15% индустриски води со оглед на тоа дека само еден правен субјект (млекара) прави пред третман и одговор доби од Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина кој што кажа дека сите правни субјекти ке треба да извршат предтретман на отпадната вода пред испушање во колекторскиот ситем.

**Назиф Јашари** праша во која фаза е проктот каде одговор доби од Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина кој кажа дека проектот е во фаза на добивање на дозвола за градба.

**Јулијана Пенева испектор** за ЖС праша која е количината на отпадните води одговор доби од Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина кој му кажа дека одговорот на нејзиното прашање е кажан и елабориран во студијата на ОВЖС.

**Фатмир Сабриу** праша дали може да има измени во проектот каде одговор доби од Хисен Џемаили- Директор на Управа за животна средина кој му кажа дека ако во фазата на градбата се појави потреба за изведбата на проектот можно да има некоја мала измена за подобрување на функционирање на проектот.

**Селим Алити** од Тетово вработен во Управата за имотни правни работи ги замоли инвеститорите Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Тетово да бидат внимателни во постапката за експропријација на земјиштето и да не се долговлече постапката за експропријација како проектот за наводнување Равен-Речица.

Јавната расправа беше затворена од страна на Влатко Цветаноски во 13:30 часот.